Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

**Архивски број:** 10-
**Датум:**

**До:** Здружение за правна едукација и транспарентност СТАНИЦА П.Е.Т. Прилеп, Фондација Отворено Општество Македонија, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот – Скопје, Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија, Здружение за равој и унапредување на ромската заедница РОМАНО ЧАЧИПЕ – Скопје, Здружение на граѓани за здравствена, социјална и образовна поддршка ИРИЗ – Скопје, Асоцијација за здравствена едукација и истражување ХЕРА – Скопје, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ – Скопје, Национална мрежа против насилство врз жените и семејно насилство, Коалиција МАРГИНИ – Скопје, Здружение за советување, лекување, реинтеграција и ресоцијализација на лица зависници од психоактивни супстанции ИЗБОР – Струмица, Едукативно-хуманитарна организација ЕХО – Штип, Асоцијација за демократски развој на Ромите СОНЦЕ – Тетово, Национален Ромски Центар – Куманово, Здружение КХАМ – Делчево, Институт за човекови права – Скопје, Младински Културен Центар – Битола Мрежа за заштита од дискриминација

**Предмет:** Известување

Почитувани,

По однос на Вашата ургенција за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за социјалната заштита за време на вонредна состојба ( „Службен весни на РСМ" бр.89/20), Ве известуваме следново:

Со Уредбата се менува критериум за остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош во месеците април и мај 2020 година, односно временскиот период за проверка на состојбата на материјалната необезбеденост на домаќинството наместо во последните три месеци се менува на еден месец пред поднесување на барањето. Воедно, изменет е рокот за известување (писмено или по електронски пат) за промена на фактите или околностите кои влијаат на користење на правото и биле основа за признавање на правото од социјална заштита, така да за носителот ваквата обврска за известување наместо во рок од 15


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

дена е пролонгирана на 30 дена од денот кога настанале тие промени. Направените промени се во насока на овозможување на брз пристап на граѓаните во системот на социјална заштита, кои не по своја вина, а заради растечката здравствена и економска криза, останале без сопствени средства за егзинстенција.

Исполнетоста на сите други критериуми за остварување и користење на ова право се утврдуваат согласно Законот за социјална заштита и Правилникот за начинот на остварување на правото на гарантирана минимална помош, утврдување на состојбата на приходите, имотот и имотните права на домаќинството, определувањето на носителот на правото, образецот на барањето и потребната документација ( „Службен весни на РСМ" бр.109/19).

Имајќи ги во предвид променетите околности од моментот на носење на Уредбата до сега, Министерството е во фаза на подготовка на нов предлог текст за измени и дополнување на истата во насока на релаксирање/ублажување/олеснување на критериумите за користење на правото на Гарантирана минимална помош. Со предложените измени ќе се овозможи соодветна реакција на системот на социјална заштита во насока на поширок опфат на корисници на ова парично право, со цел давање материјална поддршка на што поголем број граѓани со потреба од истата, заради надминување на овој пред се здравствен, но и социјален проблем во периодот што следи.

Во изминатиов период Министерството за труд и социјална политика, преку својот електронски систем за администрирање на паричните надоместоци (CBMIS), се поврза со сите институции кои имаат свои електронски бази на податоци и кои имаат техничка можност за размена на истите по електронски пат (веб сервиси, криптирани документи...), а кои податоци како факти се потребни во постапката за остварување на правата од социјална заштита. Меѓу другите станува збор за податоци за приходи, статус на невработено лице, податоци за земјоделско земјиште под закуп или плодоужување, податок за живеалиште, податок за постојан престој, податок за поседување возило, статус и висина на пензиски примања..., како и сите други потребни податоци заради проверка на бараните критериуми заради остварување на паричните права од социјална заштита. Онаму каде соодветните надлежни институции немаат или пак имаат непотполни електронски бази на податоци, ваквиот начин на соработка (размена по електронски пат) не е можна.


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд и социјална политика**

- Сектор за социјална заштита -

Во однос на потребна документација за остварување и користење на правото на гарантирана минимална помош за сите членови на домаќинството, во мометов се поднесува барање за остварување на правото со приложување на: важечка лична карта (на увид), писмена изјава за потврда дека не поседува заштеда/штеден влог во банка над 70.000 денари (која се дава пред службено лице на центарот за социјална работа), како и копии од изводи од матичната книга на родените, матичната книга на венчаните и матичната книга на умрените, како документација која барателите на правото веќе ја поседуваат.

Во одредени случаеви во кои треба да се потврдат следниве факти, барателот треба да ја приложи и следнава документација (во копија): пресуда за развод на брак; пресуда за определена законска издршка, потврда за редовен студент, потврда за надоместок кој произлегува од активности поврзани со безбедноста и одбраната на Република Северна Македонија, тужба за законска издршка против близок сродник кој по закон е должен да го издржува, односно полномошно на службено лице во центар за социјална работа за поведување на оваа постапка.

Со оглед на наведеното укажуваме дека МТСП ги превзема сите чекори за да ги ослободи граѓаните баратели за остварување на правото на Гарантирана манимална помош од обврската за вадење на нова документација во постапката за утврдување на исполнетоста на критериумите за користење на правото. Единствена обврска за барателот во моментов е лично присуство при поднесување на барањето за Гарантирана минимална помош и приложување на документите со кои веќе располага. Но, со цел олеснување и на оваа фаза од постапката и зголемување на можностите и начините за аплицирање, Министерството за труд и социјална политика и Министерството за информатичко општество и администрација интензивно работат на креирање на електронска форма за поднесување на барање за користење на правото на ГМП (а потоа и за останатите права) преку Националниот портал за електронски услуги (uslugi.gov.mk). По изработка на соодветната електронска форма за аплицирање, нејзино тестирање и ставање во функција, истата ќе биде користена од граѓаните заради електронско поднесување на барање за остварување на парично право од социјална заштита, на брз, едноставен и погоден начин.

Со почит,

ЗАМЕНИК МИНИСТЕР
Gjonul Bajraktar


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk